# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО АРХЕОЛОШКИОТ ЛОКАЛИТЕТ СТОБИ – ГРАДСКО

- **Период: 01.01 – 31.12.2019 год.**

Република Северна Македонија
Национална установа за управување со археолошкиот локалитет СТОБИ - Градско
Бр. 05-90/7
03.03 2020 год.
ГРАДСКО

## МУЗЕЈСКА ДЕЈНОСТ

**Стоби, март 2020 год.**

# I. ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

## Проекти во рамки на Годишната програма за работа на Националната установа за управување со археолошкиот локалитет Стоби – Градско од областа на музејската дејност за 2019 година

1. **Име на проект: Реализација на Основен проект за конзервација на метални предмети од збирката на НУ Стоби со археолошките ископувања од 2009 до 2012 година**

- Во рамки на проектот спроведена е јавна набавка за конзерваторски материјали.

2. **Име на проект: Изработка на Основен проект за конзервација на метален археолошки материјал од археолошките ископувања во Стоби во период од 2013 до 2018 година**

- Во рамки на проектот извршена е обука на новвработено лице во Д.С.Д Никола Карев - Охрид.

3. **Име на проект: Проект за Археолошки истражувања на Западната некропола во Стоби**

- Активностите предвидени во проектот започнаа на 15.10.2019 година и истражен е дел од просторот кој што беше предвиден за истражување. Заклучно со 15.11, теренските активности се завршени и се влегува во фаза на комплетирање на потребната теренска документација.
  Активностите на терен се одвиваа отежнато поради временските услови и поради тоа истражени се 11 погребувања и расчистен е предвидениот простор на еден хоризонт на погребување, хронолошки определен во раниот 1 век од н.е. Со овогодинешните истражувања се допринесе кон збогатување на фондот на музејската збирка на НУ Стоби и се добија нови сознанија во поглед на хоризонтите на погребување на Западната некропола во Стоби, како и разноликите гробни прилози во овие погребувања. Предлагаме продолжување на ископувањата со цел доистражување на Западната некропола на Стоби.

4. **Име на проект: Проект за набавка на потрошен материјал и опрема за потребите на Конзерваторскиот оддел во НУ Стоби**

- Спроведена е јавна набавка на потрошен материјали и опрема за потребите на Конзерваторскиот оддел во НУ Стоби.

5. **Име на проект: Изработка на Основен проект за конзервација на керамички и стаклени предмети од збирката на НУ Стоби**

- Во рамки на проектот извршени се морфолошки и хемиски анализи на стаклени предмети од збирката на НУ Стоби со користење на сканинг електронска микроскопија.

6. **Име на проект: Проект за набавка на материјали и опрема за потребите на Конзерваторскиоот оддел на НУ Стоби**

- Спроведена е јавна набавка на потрошен материјали и опрема за потребите на Конзерваторскиот оддел на НУ Стоби.

Стоби, 03.03.2020 год.

Спасе Перовски
директор

Република Северна Македонија Национална установа за управување со археолошкиот локалитет СТОБИ ГРАДСКО

Изработил: Сања Петковска
соработник - сметководител